Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
Бр. 02-620/3
29.07 2021 год.
БИТОЛА

Врз основа на чл. 15 т. 10 од Статутот на ЈКП "Водовод" - Битола и чл. 27 од Деловникот за работа на У.О. Управниот одбор на ЈКП „Водовод" - Битола на седницата одржана на ден 29. 07.2021 год. ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За усвојување на Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период јануари - јуни 2021 год.**

1. Се усвојува во целост Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период **јануари - јуни 2021 год.**

2. Анализата е составен дел на Одлуката.

3. Составен дел на Одлуката е и Позитивното Мислење за Анализата за стопанското работење на ЈКП „Водовод" – Битола за период јануари – јуни 2021 година доставено од страна на Надзорниот одбор за контрола на ЈКП „Водовод" – Битола.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

5. Примерок од Одлуката да се достави до членовите на У.О и Надзорниот одбор и потребните служби во ЈКП "Водовод" - Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно законските прописи за материјално – финансиското работење на претпријатието, од страна на стручните служби при ЈКП „Водовод" – Битола изготвена е Анализа за утврдување на материјално – финансиските резултати од работењето на ЈКП "Водовод" – Битола, за периодот јануари – јуни 2021 год.

Управниот одбор на седницата одржана на ден 29.07.2021 год. разгледувајќи ја Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за периодот јануари – јуни 2021 год. а имајќи го во предвид и Позитивното Мислење доставено од Надзорниот одбор, истата едногласно ја усвои, при што одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О**

______________________

**Митко Димовски**

Јавно комунално претпријатие п.о. "ВОДОВОД" 1 БИТОЛА